## Македонија



# Во 2008 двојно се зголемило собирањето на пластична амбалажа

Количината на собран пластичен отпад во Македонија во 2008 година е за двапати поголема во однос на 2007. Од Проектот за рециклирање на пластика на УСАИД информираат дека во 2008 година количината на собран пластичен отпад изнесува 6.000 тони, додека во цела 2007 година биле собрани 3.000 тони пластичен отпад.
"Неколку причини придонесоа кон овој позитивен тренд: зголемената употреба на пластична амбалажа, поставената инфраструктура за селекција на пластичен отпад во 24 општини низ Македонија, доаѓањето на три големи странски инвестиции во рециклирањето (ЕРХ Пластик, ЕКО ЕРАС и Гринтек-Македонија) ", вели Аријан Тоска, директор на Проектот за рециклирање на пластика, кој се спроведува од страна на УСАИД.

Цената на собраната ПЕТ амбалажа лани се движеше околу 350 евра за еден тон ПЕТ амбалажа, но во последниот дел од минатата година значително се намали на 150 евра за тон. Падна и цената на рециклираниот ПЕТ кој се извезува, од 700 на 400 евра за тон рециклирана ПЕТ амбалажа.
"Падот на цената се должи на падот на цената на нафтата и на затварањето на пазарот на Кина, каде што се пласираше најголем дел од рециклираниот ПЕТ од светот. Кина во моментов го затвори пазарот поради тоа што имаат големи количини рециклиран ПЕТ кој не е обработен во финален производ, бидејќи кинеските производи сега потешко се пробиваат на пазарите. Дел од остатоците од рециклиран ПЕТ се користат во автомобилската индустрија, која во моментов се соочува со големи проблеми", вели Тоска.
Тој очекува во наредниот период да се намали собраната количина на ПЕТ амбалажа за околу 15 до 20%, како резултат на пониските откупни цени.
Во најголем дел рециклираната ПЕТ амбалажа од Македонија се извезува во Бугарија, Романија, Турција и Швајцарија.

(Тотал)

Архива на вести Остави коментар среда, 11 февруари 2009

## Поврзани вести

Пад на цената на нафтата на светските берзи

„Газпром" објави намалување на цената на гасот за Европа од 409 на 280 долари за илјада кубни метри

Лани цената на становите порасна за 22,1%

Цената на нафтата стабилна на ниво од 40 долари

ОПЕК ќе го намали производството ако цената на нафтата остане под 40 долари

Цените на суровата нафта ќе паѓаат

**Капитал** Конференции Специјални




**Најновиот број на Капитал донесува:**

Тема на број:Сведмилк огледало на проблемите во млечната индустрија
Ексклузивно: Горан Јелашиќ градоначалник на Инџија,Србија
Трговска војна: Државите посегнуваат по...

| ВАЛУТА | Куповна | Средна | Продажна |
|---|---|---|---|
| EUR | 61,11 | 61,41 | 61,72 |
| USD | 47,12 | 47,36 | 47,60 |

цела курсна листа

### Календар на настани

< Настани за месец февруари 2009 >

| П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | 1 |
| 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | |



© TOTAL. Сите права се задржани.

by Semos multimedia